***Автори:*** *Александар Кржаловски, Фанија Ивановска*
***Дата:*** *април 2019*
***PDF:*** pretsedatelski-izbori-2-2019.pdf




Во овој извештај „Претседателски избори 2019 - втора анкета“ се презентирани и анализирани ставовите на граѓаните во Македонија во однос на претстојните претседателски избори, добиени преку испитувањето на јавното мислење во периодот од 7 до 11 април 2019 година. Ова е втора анкета во однос на претстојните претседателски избори, па затоа наодите дадени во овој извештај се споредени со податоците од првата анкета на оваа тема која беше спроведена во март 2019 година. Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи и методологија, наоди во однос на излезноста на претседателските избори, потоа следуваат ставовите како ќе гласаат испитаниците, а завршува со заклучоци.